Steve Kamper
Minister for Small Business
Minister for Lands and Property
Minister for Multiculturalism
Minister for Sport

# Соопштение за медиуми

## Бегалците и заедниците докажуваат дека заедно сме посилни

**Вторник, 20 јуни 2023**

На Светскиот ден на бегалците (20 јуни), Владата на Нов Јужен Велс ги повика организациите на заедницата да аплицираат за дотации (grants) во проектот „Посилни заедно“ (Stronger Together) за 2024 година на Multicultural NSW.

Светскиот ден на бегалците ги препознава силата и издржливоста на бегалците, се одбележува во текот на Неделата на бегалците (18 јуни – 24 јуни), врвна годишна активност во земјата од страна на Советот на бегалците одбележувајќи го придонесот од страна на бегалците во австралиското општество.

Министерот за мултикултурализам Стив Кампер изјави дека голем број луѓе не знаат дека првата Недела на бегалците била организирана во Сиднеј во 1986 година и станала светска прослава призната од Обединетите Нации во 2001 година, после две децении лобирање од страна на австралиски застапници.

„Кога луѓе бегаат од угнетување или насилство, им треба засолниште каде што можат повторно да ги изградат нивните животи и да ги реализираат нивните аспирации,“ рече министерот Кампер.

„Кога на бегалците им се даваат најдобри шанси да се вклопат во заедницата, тие не само што напредуваат, туку исто така ѝ помагаат на нивната заедница да се развива.“

Од 2015 година, повеќе од 35.000 бегалци пристигнаа во Нов Јужен Велс од земји вклучително Украина, Ирак, Сирија, Авганистан, Конго и Мијанмар.

Цел на програмата на дотации за проектот „Посилни заедно“ за 2024 година на Multicultural NSW е давање поддршка на локални проекти кои може да направат трајно позитивно влијание врз општествата сплотеност и ги задоволуваат потребите на заедницата.

Дотациите за проекти се од 20.000 до 40.000 долари за активности што ќе се одиграат меѓу 1 јануари и 31 декември 2024.

„Нашите локални организации се најспособни да најдат локални решенија за прашања што влијаат на локалните заедници,“ рече министерот Кампер.

„Изградувајќи поцврсти и општествено посплотени заедници, инвестираме во најголемото богатство на нашата држава – нејзините луѓе.“

Multicultural NSW ќе одржи онлајн информативна сесија за програмата на дотации за проекти во среда, 28 јуни 2023, со почеток во 10.30 наутро. Последен рок за поднесување апликации е 3 часот попладне во петок, 7 јули 2023.

За да добиете повеќе информации, да ги видете сите услови за учество и да аплицирате, посетете:

https://multicultural.nsw.gov.au/multicultural-nsw-grants/

За регистрирање за онлајн информативната сесија, пратете имејл на: grantsinfo@multicultural.nsw.gov.au

**МЕДИУМИ:** Jonathan Symons | **Minister Kamper** | 0407 488 158